Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот на локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за активностите на општина Кавадарци во обласτа на културата за 2023 година**

## I. ВОВЕД

Со Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на кутурата во 2023 година се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на општина Кавадарци и афирмација на нејзиното историско и културно наследство , негување и збогатување на општо прифатените културни вредности.

Во рамките на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните вредности , организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво се предлага Програма.

## II. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се :

-Обезбедување активен однос на општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кавадарци

-Сочувување и афирмирање на културниот индетитет на Општина Кавадарци

-Презентирање и афирмирње на творци и интеретатори од областа на културата

-Интензивирање и збогатување на меѓународната културна и спорстка соработка

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа програма.

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно – уметнички манифестации

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци предвидени за 2023 година.

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци.

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Кавадарци .

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените и пријателски градови на општина Кавадарци.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци предвидени за 2023 година .

Средствата од Буџетотна Општина Кавадарци предвидени за 2023 година изнесуваат 10.000.000 денари и се распоредуваат за потикнување ,подржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата.

**Буџет**

КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

**1.Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден :14 февруари**

**2. Културно лето „ Го сакам Кавадарци“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец: Јули и Август**

3.Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер“

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден : Септември**

4. „НОВА ГОДИНА“
Божиќен пазар 2024 година

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
**Месец и ден : Декември**

ВКУПНО : 6.600.000 денари

II . Трошоци за културните манифестации

1. Пoќевање на гости за „Тиквешки Гроздобер“
630.000,00 ден
2. Репрезентации за културните манифестации
630.000,00 ден
3. Огномет за културните манифестации
300.000,00 ден
4. Озвучување на културните манифестации
200.000,00 ден
5. Цвеќе и цветни аранжмани за културни манифестации
200.000,00 ден
6. Репрезентативни поклони за делегации
150.000,00 ден
7. Коктел за културните манифестации
300.000,00 ден
8. Новогодишни пакетчиња
400.000,00 ден

9. Обезбедување за културните манифестации -По одлука за делегирана надлежност

10. Набавка на часовници
170.000,00 ден
11. Набавка на Tv приемници
20.000,00 ден

ВКУПНО : 3.000.000 денари

Трошоците за културните манифестации ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

## IV. Други форми на активности

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Обезбедување стручна ,техничка и друга подрш со кадри и опрема со коа располага Општината
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации
- Организирање на протоколарни и промотивни средби на преставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од обласста на културата
- Овие форми на активност ќе се реализираат согласно можностите на Оштина Кавадарци

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Комисијата за култура се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа програма.

Програмата влегува во сила осмиот (8 ) ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08- 7742/32**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**